# БЕЗБЕДНОСТ И ПРОТОКОЛ ВО ЛАБОРАТОРИЈА

Студии по хемија

**Безбедносни листи**

**Safety Data Sheets (SDS)**

# Безбедносна листа

Документ за секоја супстанца кој ги опишува опасностите и мерките за претпазливост кои треба да се преземат за да се избегнат незгоди.

Безбедносна листа или SDS (**S**afety **D**ata **S**heet)

До 2012: MSDS (**M**aterial **S**afety **D**ata **S**heet)

Тие исто така вклучуваат:

- хемиски својства на супстанците;
- физички својства на супстанците;
- информации за транспорт;
- начин за чување и складирање...

- Безбедносните листи мора да бидат достапни за сите супстанци со кои се работи во лабораторијата и оние кои работат со тие супстанци треба да бидат запознати со содржината на SDS.
- секој производител на хемикалии, должен е да обезбеди безбедносни листи на корисникот;
- секоја безбедносна листа се состои од 16 поглавја кои во себе вклучуваат потсекции;
- поглавјата 1 – 8 содржат општи информации и се информации кои е потребно да бидат лесно и брзо достапни;
- поглавјата 9 – 11 и 16 содржат останати технички информации и информации кои се важни за научни цели;
- поглавјата 12 – 15 во некои земји не се задолжителни, но според GHS и Обединетите Нации, безбедносните листи мора да ги содржат и овие делови.

# Поглавја на SDS

1. Идентификација;
2. опасност(и);
3. состав/податоци за составните делови;
4. мерки за прва помош;
5. мерки за гасење пожар;
6. мерки во случај на незгода;
7. ракување и складирање;
8. контрола на изложеност и лична заштита;
9. физички и хемиски својства;
10. стабилност и реактивност;
11. токсиколошки податоци;
12. еколошки (екотоксиколошки) податоци;
13. одлагање;
14. податоци за транспорт;
15. регулаторни податоци;
16. останати податоци.

# 1. Идентификација

Ова поглавје содржи податоци за идентификација на хемика-лијата, како и важни контакт информации за снабдувачот.

1. **Идентификација на хемикалијата** (комерцијално име, тривијално име или синоним, доколку има);
2. **идентификувани начини за користење на хемикалијата и ограничување на употребата**;
3. **податоци за снабдувачот** (име на компанијата или поединецот кои се производители, дистрибутери или увозници, адреса, телефонски број);
4. **телефонски број за итни случаи** (во РМ, од „Центар за контрола на труење“ на Фармацевстки факултет).

# 2. Опасности

Ова поглавје ги наведува опасностите од хемикалијата и дава соодветни предупредувања поврзани со нив.

1. **Класификација на хемикалијата** според опасноста (запалива, експлозивна, ...);

2. **елементи на одбележување** (пиктограм за опасноста, збор за предупредување, известување за опасноста и известување за мерките на претпазливост);

3. **други опасности** (опис на опасност која не е класифицирана, опис на смеси за кои не е позната токсичноста, како и податоци за нивниот состав).

# 3. Состав/Податоци за составните делови

Ова поглавје содржи податоци за хемискиот состав на супстанцата или смесата, вклучително и нечистотии и адитиви за стабилност.

За чисти супстанци:

1. **хемиско име** (според IUPAC)**, тривијално име или синоним** (доколку има);
2. **CAS број**;
3. **нечистотии и адитиви за стабилност** (што сами по себе се класифицирани и придонесуваат за класификација на хемикалијата која се опишува).

За смеси:

1. истите податоци како за супстанците;
2. хемиско име и содржина (концентрација или удел) на сите компоненти;
3. мора да се наведе точниот состав, освен за оние кои се деловна тајна.

Хемикалии означени како „деловна тајна“:

1. изјава дека составот или содржината се дефинирани како деловна тајна.

# 4. Мерки за прва помош

Во ова поглавје се опишува првата помош што треба да се пружи при контакт со хемикалијата или внесување во организмот.

1. **Опис на мерките за прва помош** (мерки кои треба да се применат при соодветно изложување на супстанцата: инкалација, контакт со кожа и очи, проголтување);
2. **најважните симптоми и ефекти**, акутни и одложени;
3. **итна медицинска помош** и посебен третман.

# 5. Мерки за гасење пожар

Ова поглавје ги опфаќа мерките кои треба да се преземат при гасење пожар настанат од опишаната хемикалија.

1. **Средства за гаснење пожар** (соодветен противпожарен апарат, кои мерки и средства не треба да се преземат при гасење на пожарот);
2. **посебни опасности кои можат да настанат при горењето** (штетни гасови и други споредни продукти);
3. **совет за пожарникари** (препорака за посебен тип опрема или внимание при гасење на пожарот).

# 6. Мерки во случај на незгода

Ова поглавје ги опфаќа мерките кои треба да се преземат при истурање, истекување или ослободување на хемикалијата, како и постапките за чистење при истурање во зависност од количината.

1. **Лична претпазливост, заштитна опрема и постапки** во случај на незгода;
2. **безбедносни мерки и упатства за евакуација** што треба да се преземат;
3. **мерки за спречување на ширењето на незгодата**;
4. **постапки за санација** и чистење (соодветни техники и методи за неутрализација, чистење, апсорпција...).

# 7. Ракување и складирање

Во ова поглавје опфатени се мерките кои треба да се преземат при ракување и складирање на хемикалијата опишана во безбедносниот лист.

1. **Претпазливост за безбедно ракување** (начин за намалување на испуштање хемикалии во околината);
2. **услови за безбедно складирање** (вклучувајќи и препораки за ракување со некомпатибилни хемикалии);
3. **посебни начини на користење.**

# 8. Контрола на изложеност и лична заштита

Во ова поглавје опишани се граничните услови за изложеност, како и личните средства за заштита потребни при изложување.

1. **Параметри за контрола на изложеноста** (граничната вредност на изложеност за супстанцијата или за секоја од супстанциите во сместа);
2. **контрола на изложеноста и лична заштита** (техничка контрола за мерките за лична заштита и за контрола на изложеност на животната средина).

# 9. Физички и хемиски својства

Во ова поглавје наведени се сите познати хемиски и физички својства на супстанцата или смесата.

1. **изглед** (агрегатната состојба, боја, гранулација, специфична површина);
2. **мирис** (опис, доколку има);
3. **прагот на миризба** (најниска вредност на концентрацијата при која може да се детектира мирис);
4. **парен притисок**;
5. **густина на пара**;
6. **pH вредност** (на чиста хемикалија или pH на воден раствор при наведена конц.);
7. **температура на топење и мрзнење**;
8. **почетната температура на вриење и распон на вриење**;
9. **температура на палење;**
10. **брзина на испарување;**
11. **запаливоста** (цврсто, гасовито);
12. **распределителен коефициент** (*n*-октанол/вода);
13. **горна / долна граница на запаливост / експлозивност**;
14. **температура на самозапалување**;
15. **температура на распаѓање**;
16. **вискозност**.

# 10. Стабилност и реактивност

Ова поглавје ги опфаќа опасностите кои произлегуваат од реактивноста и информации за стабилноста на хемикалијата.

Реактивност:

1. опис на резултатите од испитувањата (може да се внесат резултатите од класата на која припаѓа хемикалијата доколку реактивноста е иста или слична).

Хемиска стабилност:

1. индикација дали хемикалијата е **стабилна при амбиентални услови**;
2. опис на **стабилизатори** со чие додавање може да се зголеми стабилноста;
3. индикација за **безбедносна опасност** која може да произлезе од промената на агрегатната состојба.

Друго:

1. индикација за **можни опасни реакции** (дали хемикалијата ќе реагира или полимеризира со ослободување топлина или развивање притисок, или други опасни околности, опис на услови при кои може да дојде до опасни реакции);
2. листа на сите **околности кои треба да се избегнуваат** (искрење, вибрации, статички електрицитет, удар...);
3. листа на сите класи од **некомпатибилни материи** (кои може да реагираат со хемикалијата и да доведат до опасна состојба);
4. листа на сите **споредни продукти од хемиската реактивност** кои може да настанат при користење, складирање или загревање на хемикалијата.

# 11. Токсиколошки податоци

Во ова поглавје наведени се сите познати токсиколошки ефекти и ефекти по здравјето на човекот.

1. **Информации за најверојатниот пат на изложување** (инхалација, проголтување, контакт со кожа и очи);
2. **опис** на **одложени, моментни и хронични ефекти** од краткотрајна или долготрајна изложеност;
3. **нумеричка вредност за токсичноста** (на пример вредност за $LD_{50}$);
4. **опис на симптомите** (симптоми поврзани со изложеност на хемикалијата, вклучувајќи симптоми од најмала до најголема изложеност);
5. **извештај за канцерогеност, мутагеност и токсичност за репродуктивниот систем**.

# 12. Еко(токсико)лошки податоци

Поглавјето го опишува влијанието на хемикалиите на животната средина (не е задолжително).

1. **Токсичност за живиот свет** (акутна или хронична токсичност за рибите, раковите, алгите, растенијата);

2. **перзистентност и разградливост** на хемикалијата (дали постојат услови хемикалијата да остане и/или да се разгради во околината);

3. **потенцијал на биоакумулација** (во однос на распределителен коефициент *n*-октанол/вода и фактор на биоконцентрација);

4. **мобилност во земјиштето** (движење од почвата во подземни води);

5. **други штетни ефекти** (потенцијал за оштетување на озонската обвивка, потенцијал за нарушување на ендокрините функции).

# 13. Одлагање (исфрлање)

Опишува начини за соодветно третирање, рециклирање и исфр-лање на отпад кој ја содржи хемикалијата (не е задолжително).

1. **контејнерите и методите за третман на отпадот,** вклучително соодветните методи за третман на хемикалијата која станала отпад и контаминираната амбалажа (на пр. инсинерација, рециклирање, одлагање на депонија);

2. **физичките и хемиските својства кои можат да влијаат врз изборот на третманот** на отпадот;

3. **сите посебни мерки на претпазливост за секој препорачан третман** на отпадот.

4. **се наведува и препорака отпадот да не се одлага со испуштање во канализациониот систем.**

# 14. Податоци за транспорт

Ова поглавје вклучува податоци за транспортирање по копнен, воден и воздушен пат (не е задолжително).

1. **UN број** (четирицифрен индентификационен број);
2. **UN назив за товарот во транспортот;**
3. **класа на опасност во транспортот;**
4. **амбалажна група;**
5. **опасност по животната средина;**
6. **мерки за транспорт на големи количини** (IBC – International Bulk Chemical код);
7. **посебни мерки на претпазливост за корисникот;**
8. **транспорт во растурена состојба.**

# 15. Регулаторни податоци

Во ова поглавје се наведуваат применливите прописи во врска со **безбедноста, здравјето и животната средина**, кои не се наведени во другите поглавја (прописи со кои се уредуваат супстанциите кои ја оштетуваат озонската обвивка, долготрајни органски загадувачи, увозот и извозот на определени опасни хемикалии).

# 16. Останати податоци

Ова поглавје вклучува информации кои не се наведени во останатиот дел од безбедносната листа, како и податок за тоа кога е подготвена.

1. **Дата на подготовка и извршенаена корекција** (и кои измени се внесени);
2. **список на кратенки и акроними** со објаснување на нивното значење;
3. **упатување на извори на податоци**;
4. **совет за соодветната обука за вработените** заради заштита на здравјето на луѓето и животната средина;
5. …